СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

# М И С Л Е Њ Е

**по однос на прифаќање на извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи**
**на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година**
**ревидирани од Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје**

**Битола, 2016 година**

# М И С Л Е Њ Е

## по однос на прифаќање на извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година ревидирани од Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје изврши ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за годината што заврши на 31 декември 2015 година, коишто вклучуваа биланс на состојба, биланс на успех, извештај за сеопфатната добивка, извештај за промените на капиталот, извештај за паричните текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Методологијата од Народна банка на Република Македонија и на финансиските извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Ревизијата на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија.

Надзорниот одбор на Банката на својата 7. редовна седница одржана на ден 31.3.2016 година ги разгледа финансиските извештаи и Извештајот со Мислењето на Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје и смета дека истиот е сеопфатен и ја прикажува финансиската состојба на Банката.

Надзорниот одбор на Банката оцени дека финансиските извештаи за работењето на Банката во 2015 година се потврдени од страна на Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје и ги прифаќаат финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори до раководството и акционерите на Стопанска банка а.д. Битола.

Според изнесеното, Надзорниот одбор на Банката предлага Собранието да ги усвои финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори со Мислењето, изготвен од Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, за финансиската состојба на Банката за 2015 година.

**Битола, 31.3.2016 година**

**Надзорен одбор**
**Претседател**

**Г. Ненад Јосифовиќ**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4